Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03-735/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Ивана Ристевска од Битола, генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] [redacted], [redacted], [redacted] [redacted]. 03-735/1 од 20.08.2024 година.

**Образложение**

На 20.08.2024 година, [redacted], со адреса на живеење: [redacted], до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-735/1 од 20.08.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

"Одлука во врска со изјавената жалба против решението ИП 09-77 од 17.04.2024 година ПЕ Прилеп"

Во предметното Барање, барателот навел бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-735/1 од 20.08.2024 година и по извршената проверка на наведениот предмет, Ве информираме дека Советот сеуште не располага со информацијата која е предмет на Барањето.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор